„КУПИ КУЌА ЗА МЛАДИ“

ПРИРАЧНИК

КАКО ДО ПРОЕКТОТ



Доколку имаш до или полни 35 години добиј до 33.000 евра субвенција од Владата за купување, изградба или надградба/доградба на куќа

„Купи куќа за млади“ ти нуди избор на еден од двата модела со кои Владата преку неповратни средства ти помага да ја отплаќаш ратата или ти го плаќа учеството за станбен кредит за купување, изградба, надградба или доградба на куќа:

Модел **„Субвенција на рата“**

Преку овој модел искористи ја поддршката од Владата за отплата на месечната рата на кредитот за куќа (главнина и камата), и тоа: Владата плаќа **80%** од месечната рата во првите **8 години** и **50% од ратата во 9-та, 10-та и 11-та година** од периодот на отплата.

Каматни стапки:

- **3,95%** за првите 3 години
- **4,44%** за 4-та и 5-та година
- по 5-тата година каматата ја одредува банката, но не смее да биде повисока од каматната стапка на другите станбени кредити од банката

За да стане појасно погледни го примерот:

За кредит од:		**10.000 €**	**20.000 €**	**30.000 €**	**40.000 €**	**50.000 €**
1-3 година	**месечна рата**	60,33 €	120,67 €	181,00 €	241,34 €	301,67 €
	Владата плаќа	48,27 €	96,54 €	144,80 €	193,07€	241,34 €
	ТИ плаќаш	12,06 €	24,13 €	36,20 €	48,27€	60,33 €
4-5 година	**месечна рата**	62,60 €	125,20 €	187,79 €	250,39 €	312,99 €
	Владата плаќа	50,08 €	100,16 €	150,24 €	200,31 €	250,39 €
	ТИ плаќаш	12,52 €	25,04 €	37,55 €	50,08 €	62,60 €
6-8 година	**месечна рата**	76,16 €	152,32 €	228,48 €	304,64 €	380,80 €
	Владата плаќа	60,93 €	121,86 €	182,79 €	243,71 €	304,64 €
	ТИ плаќаш	15,23 €	30,46 €	45,69 €	60,93 €	76,16 €
9-11 година	**месечна рата**	76,16 €	152,32 €	228,48 €	304,64 €	380,80 €
	Владата плаќа	38,08 €	76,16 €	114,24 €	152,32 €	190,40 €
	ТИ плаќаш	38,08 €	76,16 €	114,24€	152,32 €	190,40 €
Вкупно	**неповратни**	**6.503,86 €**	**13.007,71 €**	**19.511,57 €**	**26.015,43 €**	**32.519,28 €**

*Пресметките во примерот се направени со каматна стапка од 7,5% од 6-та до 11-та година со рок на отплата од 20 години

Модел **„Субвенција на учество“**

Преку овој модел искористи ја поддршката од Владата за отплата на **ЦЕЛОТО УЧЕСТВО** од субвенционираниот кредит за куќа (до 25% од кредитот).

Фиксна каматна стапка за цело време на отплата на кредитот: 6-месечен ЕУРИБОР[1] + 4,5 процентни поени.

За да стане појасно погледни го примерот:

За кредит од:		**10.000 €**	**20.000 €**	**30.000 €**	**40.000 €**	**50.000 €**
	учество	2.500 €	5.000 €	7.500 €	10.000 €	12.500 €
	Владата плаќа	2.500 €	5.000 €	7.500 €	10.000 €	12.500 €
	ТИ плаќаш	0 €	0 €	0 €	0 €	0 €
Вкупно	**неповратни средства**	**2.500 €**	**5.000 €**	**7.500 €**	**10.000 €**	**12.500 €**

Дополнително **ЗАШТЕДУВАШ** од **2.000 до 3.000 евра** со повластените каматни стапки!

За да аплицираш за еден од овие модели, треба да ги исполнуваш следните услови:

- да имаш до 35 години или полни 35 години
- да одговараш на критериумите за добивање кредит за куќа пропишани од банката
- твојата и платата на твојот брачен другар заедно да бидат ПОМАЛИ од 1.300 евра месечно, или доколку не си во брак да биде ПОМАЛА од 900 евра месечно
- куќата која ја купувате или градите треба да биде новоградба
- ти и твојот брачен другар да немате друг стан или куќа, или ако имате да го продадете за купување или изградба на нова поголема куќа пред да поднесете апликација во банка
- рокот на отплата на кредитот да е најмалку 20 години (со можност за предвремена отплата по 12-та година за моделот рата и по 10-та година за моделот учество)

[1] Провери ја моменталната стапка на ЕУРИБОР на следниот линк: www.euribor-rates.eu/

Доколку ги исполнуваш условите примени ги следниве чекори:

1. купи/обезбеди плац: *Плацот може да се купи од општина или од приватно лице, или доколку доградуваш/надградуваш куќа обезбеди дозвола за пренос на градба од сопственикот на куќата*

* *доколку купуваш веќе изградена куќа од градежна фирма, прескокни веднаш на чекор 4*

2. обезбеди идеен и изведбен проект за куќа: *Идејниот проект можеш бесплатно да го добиеш од Министерство за транспорт или можеш да го обезбедиш и сам*

3. извади градежна дозвола: *аплицирај он-лајн или пак во општина*

4. склучи преддоговор со градежна фирма

5. аплицирај во банка: *целата документација поднеси ја во банка*



Искористи ги владините проекти за да ги поврзеш точките:

Откуп на државно земјиште од 1 евро за m^2

Побарај плац за изградба на куќа во општината. Со одлука на Владата на РМ почетната цена за наддавање за државните плацеви е **1 евро за m^2**

Следи ги понудите на државно земјиште и на mtc.gov.mk

Бесплатен идеен и изведбен проект за куќа

Заштеди од 1.000 до 2.000 евра на идеен и изведбен проект за куќа. Избери еден од шесте типски готови проекти за градба на куќи од 60, 80, 100, 120, 150 и 180 метри квадратни, кој можеш да го земеш од Министерството за транспорт и врски **БЕСПЛАТНО**!

Проектот можеш да го симнеш и од следниот линк :
https://www.dropbox.com/sh/afmoo8guto5pn2b/AADFGyvuk5Eli5GtA59HMazxa?dl=0

Извади градежна дозвола електронски

Олесни си ја постапката за вадење градежна дозвола преку електронски пат.
Извади Е-одобрение на следниот линк:

https://www.gradezna-dozvola.mk/Account/Login?ReturnUrl=%2f

АПЛИЦИРАЈ
во една од следните банки:

За повеќе информации посетете ги Канцелариите „Купи куќа, купи стан“:

Скопје, Министерство за финансии, Даме Груев бр.12
Чаир – Скопје, ул.”Бутелска” бр.4
Кисела Вода – Скопје, ул.”Борис Трајковски” бб
Карпош – Скопје, ул.“Никола Русински“ бб, 1/1, кат 1
Гази Баба – Скопје, ул.”Архимедова” бр.2
Берово, ул.”Димитар Влахов” бр.10
Битола, ул.”Димитар Илиевски Мурато”бр.24б
Валандово, ул.”4 Јули” бб
Велес, ул.”Панко Брашнар” бр.1
Виница, ул.”Бел Камен” бр.13
Гевгелија, ул.”7 Ноември” бр.49
Гостивар, Бул.”Браќа Гиновски” бб
Дебар, ул.”Вељко Влаховиќ” бб
Делчево, Бул.”Македонија” бб
Демир Хисар, ул.“Македонија“ бб
Кавадарци, ул.”Маршал Тито” бб (зграда на Општината)
Кичево, ул.”Борис Кидриќ” бр.1
Кочани, ул.”Раде Кратовче” бр.1
Кратово, плоштад “Павел Шатев” бб
Крива Паланка, ул”Свети Јоаким Осоговски”бр.175
Крушево, ул.”Илинденска” бб
Куманово, ул.”Гоце Делчев” бб
Македонски Брод, ул.”Маршал Тито” бб
Неготино, ул.”Ацо Аџи Илов” бб
Охрид, ул.”Димитар Влахов” бб
Прилеп, ул.”Питу Гули” бр.2
Пробиштип, ул.”Јаким Стојковски” бр.3
Радовиш, Бул.”Александар Македонски” бб
Ресен, ул.”Борис Кидриќ” бб
Свети Николе, Плоштад “Илинден” бб
Струга, ул.”Димче Ковачевски” бр.2
Струмица, ул.”Ленинова” бб
Тетово, ул. “Дервиш Цара” бб
Штип, ул.”Васил Главинов” бб